Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21) а во врска *Стратегија за локален развој на општина Битола 2014-2018,* Стратегија за родова рамноправност, Општина Битола-општина без дискриминација и Локалниот Акциски план за економско јакење на жените во општина Битола 2016-2017, Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А

за работата на Советот за женско претприемништво –
Битола за 2026 година

# ВОВЕД

Општина Битола е град во југозападниот дел на Р. Северна Македонија и админинстративен, културен, економски, индустриски, образовен и научен центар. Согласно податоците од пописот во 2002 година, од Државниот завод за статистика во Битола живее вкупно население од 95385 жители од кои 48416 се жени, додека 46969 се мажи. Во градот Битола вкупното население изнесува 74550 жители, а во селата 20835 жители. Општина Битола брои вкупно 65 села. Во резултатите објавени од Државниот завод за статистика одржан во 2021, Општина Битола има население од 85 164. Во однос на половата структура, во Општина Битола има 43 319 жени и 41 319 мажи. Од населението кое се изјаснило за својата национална припадност, 69 182 (81,2%) се Македонци, 4 018 Албанци, 2 890 Роми, 1 205 Власи, 1 174 Турци, 359 Срби, 49 Бошњаци, 782 останати и за 5 505 жители не е наведена национална припадност. Локалната економија на Општина Битола се наоѓа во пост-приватизациски циклус и ги следи трендовите на националната економија. Ваквите случувања резултираат со непродуктивност на компаниите но, и невработеност.

Програмата за работа на Советот за женско претприемништво Битола предвидува изработка на акции, насоки и проекти на локално ниво. Креативните и деловни потенцијали кои во себе ги крие женското претприемништво во целост не се искористени во Битола. Оваа тема е релативно нова во Битола и како таква, со себе носи бројни предизвици но, и можности.

Годишната програма ги идентификува клучните карактеристики, како и приоритетните предизвици со кои се соочува општина Битола во делот на социо-економска инклузија на жените во современите текови на живеење преку менување на начинот на размислување и нивна ориентираност кон претприемништвото.

Генералната цел на програмата се однесува на унапредување на улогата на жените преку развој на женското претприемништвото во Битола.

Оваа цел се фокусира кон:

1. Промовирање на женско претприемништво за зајакнување на економската улога на жените во Битола.
2. Зголемување на иновативноста и креативноста на жените во Битола преку поттикнување на претприемачкиот потенцијал.
3. Креирање на мерки и активности за поттикнување на женското претприемништво во Битола.

Во последните години претприемништвото добива на значење како начин на поттикнување на можностите за вработување, зајакнување на економската конкурентност и промовирање на локалниот и регионалниот развој. Интересен е фактот што претприемништвото е усвоено како стратегиски пристап да се олесни економското учество кај жените. Вклучувањето во претприемништвото овозможува да се зголеми самодовербата, да се постигне економска

независност и оттргнување од работ на сиромаштијата. Целта на оваа иницијатива е соодветно структуирање на активностите во насока на подобрување на можностите за вработување и поттикнување на жените активно да се вклучат во процесите за креирање на работни места и зголемување на вработливоста. Теоријата и практиката покажуваат дека претприемачите може да се создадат. Но, важно е прашањето како тие може да се создадат на стратегиска основа и како да се создадат претприемачи водени од можностите а не од потребата, со цел да се обезбеди одржлив економски развој. Ентузијазмот за вклучување во претприемнички активности од страна на жените треба да се охрабрува и развива на континуирана основа. Врз основа на идентификуваните предизвици, иницијативата дава препораки за подобрување на тековната ситуација, како и вклучување на сите засегнати страни во развој на женското претприемништвото во Битола.
Основните цели во работењето на Советот за женско претприемништво се:

1. Зголемување на свеста кај жените за започнување на свој сопствен бизнис;
2. Активно учество во намалување на невработеноста кај жените во општина Битола;
3. Обезбедување на одржлив социо- економски развој и благосостојба на жените;
4. Промоција на социјална инклузија и социјална интеграција на жените преку квалитетно неформално образование;
5. Зајакнување на соработката со заегнатите страни во функција на поттикнување на претприемачкиот дух кај жените;
6. Инкорпорирање на нови технолошки пристапи и ресурси во учењето и неформалното образование;
7. Економски развој на жените преку поттикнување на женско претприемништво;
8. Активности и проекти за поттикнување на знаење, култура и технолошки иновации;

**Основни задачи се:**

1. Реализација на истражувања за промоција на концептите Претприемништво, женско претприемништво, социјално претприемништво;
2. Активности поврзани со реализација на обуки за жени за развој на вештини за вработливост;
3. Дигитална инклузија на ранливи категории на жени;
4. Обуки за дигитална писменост и култура кај жените;
5. Работа со жени за развој на претприемачки, лидерски и ИТ вештини;
6. Промоција и развој на занаети водени од жени;
7. Обука и развој на вештини и компетенции кај жените во фунцкија на подобрување на конкурентноста на пазарот на труд;
8. Развој на можности за претприемачко учење кај жените;
9. Инвестирање во иновативни образовни технологии за промоција на квалитетно неформално образование и учење;
10. Обезбедување на инспирирачка, безбедна и предизвикувачка образовна средина во функција на подобрување на благосостојбата на жените;
11. Креирање на екосистем што поддржува создавање на жени лидери;

**Основната мисија на Советот за женско претприемништво е:** „Да ги инспирира и поддржи жените вклучени во претприемачки активности преку колаборативна, иновативна мрежа, како и да работи на зајакнување на нивните претприемачки капацитети, охрабрувајќи ги да започнат свој сопствен бизнис“.

Визијата на Советот за женско претприемништво е:

***“Општина Битола да биде град со високо развиена свест за важноста на жените претприемачи како активни учесници во креирање на можности за вработување и обезбедување одржлив социо-економски развој “.***

Мисијата на Советот за женско претприемништво- Битола е да ги инспирира и поддржи жените вклучени во претприемачки активности преку колаборативна, иновативна мрежа, како и да работи на зајакнување на нивните претприемачки капацитети, охрабрувајќи ги да започнат свој сопствен бизнис.
Советот за женско претприемништво е формиран со меѓусебна соработка и поддршка на Националната платформа за женско претприемништво и општина Битола за да ги инспирираат и поттикнат жените да се вклучат во претприемништвото. Жените кои се дел од Советот за женско претприемништво доаѓаат од различни профили и средини, што овозможува интеграција на знаењата, вештините и компетенциите со цел да придонесат за развој на оваа релативно нова, но актуелна проблематика. Тимот што се создаде а е дел од Советот за женско претприемништво стои зад поддршката на жените и иновациите. Главна одлика е транспарентноста во дискусиите и идеите затоа што основниот фокус е како жените може да добијат импулс во светот на претприемништвото.

**ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИНИЦИЈАТИВАТА**

Советот за женското претприемништво во општина Битола има основна цел поттикнување и зајакнување на претприемачкиот потенцијал кај жените за зголемување на вработливоста на жените преку претприемништво. Изработката на годишната програма наметнува потреба од примена на методологија, заснована на партиципативно- консултативен процес. Познати се причините поради кои жените се одлучуваат за претприемништво. Губењето на работата и неможноста да се вработат е еден од мотивите за влегување на жените во претприемништвото. Друга причина е и докажувањето. Тие сакаат да докажат дека можат да успеат и дека се отворени за нови предизвици.
Развојната методологија се состоеше од следните фази:

1. ***Деск истражување***, кое овозможува добивање на релевантни сознанија за женското претприемништво.
2. ***Информативни активности,*** кое овозможува конституирање на работата на Советот за женско претприемништво и промоција на истиот.
3. ***Анализа на локалните политики***, мерки и активности за унапредување на женското претприемништво.
4. ***Изработка на модел и мерки*** кои ќе го поттикнат и поддржат женското претприемништво на локално ниво.

Главни предизвици за успех на работата на советот за женско претприемништво во општина Битола се:

1. Обезбедување на поддршка од страна на сите засегнати страни во реализацијата на предложените мерки и активности по приоритетни области.

2. Степенот на одговорност кој ќе се покаже од страна на сите засегнати страни во текот на реализацијата на Акциониот план.

3. Ограничени финансиски ресурси, човечки ресурси и време.

4. Градење на свест за значењето на претприемништвото кај жените.

5. Креирање на програми за развој на претприемачкото учење соодветни на потребите на оваа категорија на жени, кои ќе ги одразуваат реалните потреби на пазарот на труд.

Работата на Советот за женско претприемништво ја наметнува потребата од силна посветеност на креаторите на политики во општина Битола, едукаторите, активистите и други кои поседуваат знаење, вештини и компетенции за да ги подготват жените да станат конкурентни на пазарот на труд и притоа да изградат подобра иднина за себе и своите семејства. Важно е да се знае дека претприемништвото е начин на живеење, кое може да се научи и практикува од страна на жените.

## СОЦИО- ЕКОНОМСКИ КОНТЕКСТ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО БИТОЛА

Во Р. Северна Македонија постои Стратегија за развој на женското претприемништво 2019-2023 година, чија што реализација ја наметнува и потребата за имплементирање на бројни проекти од оваа проблематика. Исто така, постои и стратегија за развој на женското претприемништво во Пелагонискиот плански регион. Поттикнувањето и развојот на претприемачкиот мисловен сет кај младите жени во Битола ќе придонесе не само за развој на женското претприемништво во Битола, туку и за економски развој на Битола. Според Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, прегледот на невработени лица во Битола, со состојба на 30.09.2023 година изнесува 4046, од кои 2086 се жени. Од вкупниот број на невработени лица во Битола, 3250 се во градот и 796 се во село. Невработеноста според возрасна структура со состојба на 30.09.2023 година во Битола е со следната динамика (табела 1):

**Табела 1. Невработеност на жени во Битола според возраст**

| Возраст на жени | Број на невработени жени во Битола |
|---|---|
| 15- 19 години | **26** |
| 20-24 години | **181** |
| 25-29 години | **193** |
| 30-34 години | **213** |
| 35- 39 години | **238** |
| 40-44 години | **245** |
| 45-49 години | **239** |
| 50-54 години | **232** |
| 55-59 години | **275** |
| Над 60 години | **244** |

Извор: Агенција за вработување на Р. Северна Македонија
https://av.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%88%D1%83%D0%BD%D0%B8%202022/P2_vozrast062022

Табелата 1 покажува дека вкупниот број на невработени жени во општина Битола изнесува 2086, од кои на возраст од 15 до 19 години се вкупно 26. На возраст од 20 до 24 години, бројот на невработени жени изнесува 181, додека од 25 до 29 години е 193. Бројот на невработени жени на возраст од 30 до 34 години изнесува 213, додека на возраст од 35- 39 години изнесува 238. На возраст од 40-44 години, бројот на невработени жени изнесува 245, додека на возраст од 45-49, бројот изнесува 239. Невработени жени на возраст од 50-54 се 232, додека на возраст од 55-59, се вкупно 275 и на возраст над 60, бројот на невработени жени изнесува 244.
Во Битола, според националната припадност, бројот на невработени жени изнесува 2086 од кои: 1430 се македонки, 118 албанки, 82 турчинки, 395 Ромки, 5 србинки, 4 влаинки, 0 бошњаци и 6 други.
Табелата 2 дава преглед на невработени лица во Битола по образование.

**Табела 2. Невработеност според степен на образование во Битола**

| По образование | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Без образование или основно образование | 933 | 1029 | 1962 |
| Непотполно средно образование | 148 | 194 | 342 |
| Завршено средно образование | 573 | 485 | 1058 |
| Више образование | 60 | 47 | 107 |
| Високо образование | 347 | 187 | 534 |
| Магистратура | 25 | 16 | 41 |
| Докторат | 0 | 2 | 2 |

Од табелата 2 може да се види дека вкупниот број на невработени лица без образование или со основно образование изнесува 1962, од кои 933 се жени и 1029 се мажи. Со непотполно средно образование невработени се вкупно 342 од кои 148 се жени и 194 се мажи. Со завршено средно образование вкупно се невработени 1058 од кои 573 се жени и 485 се мажи, додека со високо образование вкупниот број на невработени изнесува 534, од кои 347 се жени и 187 се мажи. Невработени лица со магистратура се вкупно 41 од кои 25 се жени и 16 се мажи, додека со докторат се невработени 2 лица од кои 2 од машки пол и 0 се од женски пол.
Табелата 3 дава преглед на невработеноста во Битола според должината на невработеноста.

**Табела 3. Невработеност според должината на невработеноста во Битола**

| Должина на невработеност | Вкупно | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| Под 1 месец | 323 | 197 | 126 |
| 1-5 месеци | 629 | 332 | 297 |
| 6-11 месеци | 470 | 246 | 224 |
| 12-17 месеци | 233 | 122 | 111 |
| 18-23 месеци | 185 | 91 | 94 |
| 2 години | 327 | 169 | 158 |
| 3 години | 478 | 251 | 227 |
| 4 години | 471 | 239 | 232 |
| 5-7 години | 450 | 210 | 240 |
| повеќе од 8 години | 480 | 229 | 251 |

Создавањето на жени претприемачи претставува сериозен предизвик и бара голема посветеност од страна на креаторите на политики и едукаторите. Исто така, е потребно опкружување кое го поддржува претприемништвото, иновациите и претприемничкото однесување. За таа цел се наметнува потребата од формулирање на системско- стратегиски пристап за креирање и поттикнување на претприемничка култура и претприемничко однесување кај жените во функција на развој на родовата еднаквост во Битола.

Инвестирањето во жени претприемачи претставува едно од најефикасните средства за зголемување на еднаквоста и промовирањето на инклузивен и одржлив економски раст и развој на Битола. Инвестициите во програми кои го поддржуваат женското претприемништво може да постигнат значителни ефекти за развој на жените на ниво на општина Битола, бидејќи жените генерално се фокусирани кон инвестирање во здравјето, благосостојбата на нивните семејства и образованието. Општина Битола своите напори треба да ги фокусира кон:

1. Создавање на оптимални услови за развој на женското младинско претприемништво;
2. Зајакнување на институционалниот капацитет и на финансиски и нефинансиски даватели на услуги кои ќе им служат за потребите на жените претприемачи;
3.Обезбедување на наменски алатки и пристапи за зајакнување на капацитетите на жените претприемачи за започнување на сопствени бизниси;

## ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

На национално и на локално ниво сѐ повеќе станува актуелно прашањето за претприемништвото и поттикнувањето на претприемачкиот дух кај жените. Во тој контекст, Советот за женско претприемништво, чија целна група се жените од општина Битола, вклучува предлог на приоритетни области и мерки, каде акцентот е ставен на градење силна свест за претприемништвото и претприемачкото учење, градење на култура ориентирана кон поддршка на претприемништвото и иновациите, како и институционална поддршка за да можат жените да станат конкурентни на пазарот на труд и да можат да ја изградат својата иднина без разлика на нивната кариерна и професионална определба.

Предложени се три приоритетни области и тоа:

**ПРИОРИТЕТНА МЕРКА 1**: **РАЗВОЈ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА И КОЛАБОРАТИВНО-ИНОВАТИВНА СРЕДИНА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО;**

Оваа мерка подразбира поттикнување на опкружување на во која активно ќе се работи на развојот и поттикннување на можностите за женско претприемништво. Преку воспоставување на работна група од засегнати страни и назначување на одговорно лице кое ќе раководи со процесот, ќе се креира системско- стратегиски и холистички пристап при усогласено делување во развојот на женското претприемништво. Оваа активност подразбира изработка на локална стратегија за женско претприемништво на локално ниво.

Оваа мерка ќе овозможи увид во моменталната состојба и ќе се предложи развој на женското претприемништво во Битола. Оваа приоритетна област вклучува неколку активности и тоа:

**Активност 1.1.:** Координирано делување на засегнатите страни за поддршка и развој на женското претприемништво (изработка на веб страна, реализација на форум за жени

претприемачи, организирање на конференции, платформа за учење, состаноци и активности за вмрежување, бази на податоци, регистер на жени претприемачи).

**Ативност 1.2.:** Формирање на работни групи за потребите на Советот за женско претприемништво.

**ПРИОРИТЕТНА МЕРКА 2: СОЗДАВАЊЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО УЧЕЊЕ КАЈ ЖЕНИТЕ;**

Жените претприемачи и потенцијалните жени претприемачи немаат воопшто или имаат недоволно современи знаења да основаат сопствен бизнис, да раководат со бизнис како и да размислуваат за подоцнежните фази за развој на бизнисот. Во таа смисла, се наметнува потребата од дополнителни обуки, специјализирани советодавни услуги не само во почетната фаза на бизнисот туку и во понатамошните фази. Исто така, се наметнува потребата и од стекнување на нови знаења и вештини за водење и управување со сопствен бизнис. Во оваа активност има можност од поврзување со академската заедница кои ќе овозможат современи знаења и истражувања за моделите на женското претприемништво, од почетник до успешна жена- претприемач, од вработени до развој на сопствен бизнис. Во оваа активност се планирани следните под-активности:

**Активност 2.1.:** Развој на тренинг модул за женско претприемништво.

**Активност 2.2.:** Изработка на менторска програма за женско претприемништво;

**Активност 2.3.:** Реализација на обуки за претприемачки вештини и водење бизнис;

**ПРИОРИТЕТНА МЕРКА 3**: **ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО КАЈ ЖЕНИТЕ;**

Промоцијата на женското претприемништво претставува можеби најважниот приоритет во оваа фаза на развој и поттикнување на женското претприемништво. Со подигнување на свеста за важноста на женскиот потенцијал и потреби, се очекува да се создаде критична маса и да се алоцираат потребните ресурси за потребните промени и поставување на женското претприемништво во центарот на економскиот развој. Со цел да се обезбеди потребната поддршка, ќе се реализираат следните под-активности:

**Активност 3.1.:** Комуникациски активности за промоција на женското претприемништво;

**Активност 3.2.:** Воспоставување на добри практики како натпревари, презентирање на успешни приказни, промоции, настани поврзани со претприемништво и претприемачко учење, волонтирање.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Жените во Битола се изложени на различни бариери, кои настанале под влијание на различните стереотипи во поглед на изборот на образование и професија, традиционалните улоги на жените, предрасудите и сл. Родовата нееднаквост се гледа и во приоритетите во изборот на професија. Сеуште преовладува поделбата на „машки“ и „женски“ професии, иако се прават напори во унапредувањето на родовата еднаквост. Големата креативност и желба за промени имаат големо влијание на самоактивација на жените и сé повеќе жените се одлучуваат да се занимаваат со некој облик на бизнис, односно, претприемништво.

Најчести облици во кои се јавува женското претприемништво се модата, храната, трговијата и сл., но, се наметнува потребата од поддршка од општината со цел да се поддржат жените во претприемништвото.

На локално ниво сè повеќе станува актуелно прашањето за претприемништвото и поттикнувањето на претприемачкиот дух посебно кај младите луѓе од женски пол. Во тој контекст, акцентот треба да се стави на градење силна свест кај жените за претприемништво и претприемачкото учење, градење на култура ориентирана кон поддршка на претприемништвото и иновациите, како и институционална поддршка за да можат жените да станат конкурентни на пазарот на труд и да можат да ја изградат својата иднина без разлика на нивната кариерна и професионална определба. Тоа може да се направи преку фокусирање на напорите кон:

- Достапност на неформално образование за „меки вештини“ како и преквалификација и доквалификација со цел да се обезбеди континуирана конкурентна работна сила;
- Поттикнување на претприемачко образование и учење како модел за стекнување професионално искуство со цел побрза интеграција на пазарот на труд;
- Достапност на програми за микрофинансирање за жени кои сакаат да отворат свој сопствен бизнис;
- Зголемување на свесноста кај жените дека претприемништвото може да се научи и дека претприемачите може да се создадат;
- Развој на концептот карактерно претприемништво (trait based approach of entrepreneurship), каде што фокусот ќе биде ставен на индивидуалците и нивните лични диспозиции, особини и карактеристики да станат претприемачи;
- Реализација на истражувања и студии на случај за динамиката на женското претприемништво, претприемачкиот процес, претприемачкиот профил во Битола и Република Северна Македонија;
- Формирање на локални партнерства за поддршка на потенцијални бизнис идеи и потенцијални жени претприемачи;
- Промоција на концептот на социјално претприемништво и изработка на локална стратегија за женско претприемништво, социјално претприемништво;
- Креирање на колаборативна средина (меѓу-секторски групи од засегнатите страни) за развој и поттикнување на претприемништвото кај ранливите категории на граѓани;
- Развивање на тренинг модули за женско претприемништво;
- Изработка на менторски програми и професионално советување на потенцијални жени претприемачи;
- Организирање на обуки за претприемачки вештини и водење на бизнис;
- Развивање на стратегиски пристап на локално ниво за економско активирање на жените;

Програмата влегува во сила *со денот на донесувањето а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр 09-137/21
29.12.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски